**20131162791**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 11 став 5 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10 и 158/11), министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи, донесоа

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ И НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ**

1. Во Решението за определување на здравствени установи во кои ќе се врши лекарски преглед на физичко лице заради утврдување на здравствената способност за поседување и носење на оружје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/07 и 87/12) по точката 10 се додава нова точка 11, која гласи:

„11. Здравствен дом на Скопје - Скопје, Поликлиника „Јане Сандански“ ОЕ Специјалистичко-консултативна служба.“

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10.2-47939/1
30 јули 2013 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Гордана Јанкулоска**, с.р.

Бр. 10-1493/2
19 јули 2013 година
Скопје

Министер
за здравство,
**Никола Тодоров**, с.р.